Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 136 став 2 алинеја 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за видот на извештаите за работењето на платните системи и начинот и роковите за нивно доставување

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат видот на извештаите за работењето на платните системи, како и начинот и роковите за нивно доставување.

За целите на вонтеренското следење на работењето на платните системи, операторите на платните системи се должни да доставуваат редовни извештаи до Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) за работењето на платните системи и вонредни извештаи за планирани и/или извршени измени и настанати инциденти коишто влијаат врз работењето на платните системи.

## II. РЕДОВНИ ИЗВЕШТАИ

2. Операторот на платниот систем е должен да доставува извештаи за работењето на платниот систем коишто ги содржат следниве информации:

- број и вредност според праговите на вредноста и времето на обработка на платежните трансакции во платниот систем;
- падови и нарушувања во работењето на платниот систем;
- вредност на нето финансиските обврски и побарувања и
- вредност на средствата наменети за управување со ликвидносните ризици.

Операторот на платниот систем ги доставува извештаите од став 1 на оваа точка за период од три месеци (квартално), најдоцна до петнаесеттиот работен ден во месецот којшто следи по завршувањето на кварталот за кој известува.

По исклучок на став 2 од оваа точка, во случај кога има промена на вредноста на средствата наменети за управување со ликвидносните ризици од став 1 алинеја 4 од оваа точка, операторот на платниот систем доставува извештај најдоцна до 9 часот следниот работен ден по денот во кој е настаната промената на вредноста на средствата.

За потребите на оваа одлука, под „пад во работењето" се подразбира прекин на услугите, а под „нарушување во работењето" се подразбира намалување и/или влошување на услугите.

3. Операторот на платниот систем е должен да доставува извештаи за работењето на платниот систем, коишто содржат:

- информации за активностите на внатрешната, надворешната и други ревизи коишто се извршени во претходната година и
- годишен план за активностите на ревизиите за тековната година.

Операторот на платниот систем ги доставува извештаите од став 1 на оваа точка до Народната банка најдоцна до последниот работен ден во март.

4. Операторот на платниот систем е должен да доставува извештај за управување со ризици коишто настануваат кај платниот систем, којшто содржи информации за:

- спроведеното тестирање на редовните и резервните решенија и процедури;
- резултатите од спроведените процени на ризиците во платниот систем и
- годишниот план на активности за тестирање на редовните и резервните решенија и процедурите и процените на ризиците во платниот систем.

Операторот на платниот систем го изготвува извештајот за управување со ризиците за период од една календарска година. Операторот на платниот систем го доставува извештајот за претходната година и годишниот план на активностите за тековната година до Народната банка најдоцна до последниот работен ден во март.

## III. ВОНРЕДНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЛАНИРАНИ И/ИЛИ ИЗВРШЕНИ ИЗМЕНИ И НАСТАНАТИ ИНЦИДЕНТИ

5. Операторот на платниот систем доставува извештаи за статусните и други промени поврзани со учесниците во платниот систем до Народната банка, во рок од пет работни дена од стапувањето во сила на статусните промени коишто се поврзани со вклучување нови учесници во платниот систем или повлекување или исклучување учесници од/во платниот систем, вклучувајќи ги и индиректните учесници.

За потребите на оваа одлука, под „статусни промени‟ се подразбираат промените коишто се резултат на спојување, присоединување или поделба, промени во опфатот на овластените активности, покренување стечајна постапка и други промени поврзани со учесниците во платниот систем коишто влијаат или можат да влијаат врз исполнувањето на условите за учеството во платниот систем или врз неговото работење.

6. Операторот на платниот систем доставува извештај за падовите и нарушувањата во работењето на платниот систем до Народната банка во случај на падови и нарушувања во работењето на платниот систем и неговите учесници, не подоцна од три работни дена по настанувањето на инцидентот.

По исклучок на став 1 од оваа точка, операторот на платниот систем доставува првично известување за падовите и нарушувањата во работењето на платниот систем во рок од 2 часа по настанувањето на инцидентот.

7. Операторот на платниот систем доставува извештај за планираните промени во работењето на платниот систем, односно план за спроведување на овие активности до Народната банка не подоцна од еден месец пред почнувањето на активностите за спроведување какви било планирани промени во работењето на платниот систем коишто може да имаат влијание врз управувањето со ризици, како и врз постојаното

исполнување на условите пропишани за добивање дозвола за оператор на платен систем.

## IV. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ДО НАРОДНАТА БАНКА

8. Операторот на платниот систем ги доставува извештаите од главите II и III од оваа одлука до Народната банка електронски, согласно со подзаконскиот акт со кој се уредува поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка.

9. Гувернерот на Народната банка со упатство ги пропишува формата и содржината на извештаите од главите II и III од оваа одлука.

Упатството од став 1 на оваа точка ќе се донесе најдоцна во рок од еден месец од денот на стапувањето во сила на оваа одлука.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

10. Операторите на платните системи се должни да ги доставуваат податоците и/или информациите во согласност со оваа одлука започнувајќи од првиот квартал од 2023 година.

Операторите на платни системи се должни да ги достават квартални податоци за четвртиот квартал од 2022 година, како и годишните податоци за 2022 година, во согласност со Упатството за известување од операторите на платните системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/17 и 133/17).

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр. 02-15/XX-10/2022**
**25 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**